# Соопштение за заверка на летниот семестар во учебната 2023/2024 година за студентите од ПРВ ЦИКЛУС студии

Се известуваат редовните и вонредните студенти од прв циклус студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека согласно Календарот на активности за зимски и летен семестар во уч.2023/2024 година, заверката на летниот семестар во учебната 2023/2024 година ќе се одвива,во периодот од:

**3 јуни 2024 г. до 14 јуни 2024 г. од 11:00 до 15:00 часот**

**на шалтерите од Одделението за студентски прашања,**

Потребно е да се достават следниве документи:

**1. Индекс**

Ви напоменуваме, а воедно и ве потсетуваме дека во индексот треба уредно да се собрани сите потписи од предметните професори за ислушани предавања и изработени вежби во летниот семестар во уч.2023/2024 година, како и уредно собрани електронски потписи во електронските профили на студентите во iknow системот.

Со потписите, на студентите им се потврдува дека ги исполниле предвидените наставни обврски. Студентите кои не ги извршиле пропишаните обврски со студиската програма и не добиле потписи, не можат да пристапат на испит.

Потписите се задолжителни и за предметите кои се запишани по ПРВ ПАТ, како и за предметите кои се ПРЕЗАПИШУВААТ.

Согласно Календарот на активности Календарот на активности за зимски и летен семестар во уч.2023/2024 година, давањето потписи за летниот семестар (електронски и во индекс) ќе се одвива од 20.05.2024 до 05.06.2024 година.

**2**. **Образец за заверка на летен семестар (А4)**, уредно пополнет со предметите кои студентот ги слушал во летниот семестар во 2023/24 година

**Напомена 1** Студентите кои во летниот семестар немаат запишано ниту еден предмет, односно имаат запишано административен „празен" семестар, не треба да го заверуваат семестарот.

**Напомена 2** Ги потсетуваме редовните и вонредните студенти, на кои им е одобрено плаќање на рати, согласно одобреното барање за плаќање на рати за летниот семестар во учебната 2023/2024 г. (2 рата 22 март 2023 година и 3 рата 24 април 2023 година), доколку досега не ги извршиле уплатите, задолжително да ја подмират целата сума за партиципација/школарина и да достават уплатница на денот на заверка на семестарот.

17.05.2023. од Деканатот,